Во пресрет на празникот Велигден, Црвениот крст на град Скопје во соработка со Ramstore Mall, Комерцијална банка и ЈУ Центар за социјална работа организира настан “Волшебно велигденско дрво”. Настанот е посветен за 50-те деца и младинци кои го посетуваат “Дневниот центар за лица со церебрална парализа-Капиштец”.

Лицата од Центарот на 20 Март ги запишаа своите желби на наменски картички-велигденски јајца и заедно со волонтерите на Црвениот крст ги закачија на големото “Волшебното велигденско дрво”. Сите хумани граѓани кои ќе го посетат велигденското катче во ТЦ Рамстор, ќе имаат можност да ги исполнат желбите на лицата од Центарот и да придонесат за нивна среќа.

Доделувањето на подароците ќе биде на 12.04.2017 година во 11:00 часот во просториите на ТЦ Рамстор.

Преку овој настан ќе се потрудиме заеднички да продонесеме во подигнување на јавната свест за надминување на предрасудите и стереотипите на лица со пречки во развојот.

Активноста е во рамките на проектот за поддршка и социјализација на деца и младинци со посебни потреби поддржан од а.д Комерцијална банка, каде Црвен крст на град Скопје 8 година по ред реализира различни активности со цел олеснување на животот и потребите на овие лица и нивна полесна интеграција во општеството.


ВОЛШЕБНО
ВЕЛИГДЕНСКО ДРВО
ИСПОЛНЕТЕ ЖЕЛБА И
ПОДАРЕТЕ СРЕЌА
Акцијата трае од 20 март - 12 април
комерцијална банка ад скопје
Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë
Ramstoremall
Центар во Центар
ПОСЕТЕТЕ ГО ВОЛШЕБНОТО ВЕЛИГДЕНСКО ДРВО НА ЖЕЛБИ ВО РАМСТОР МОЛ, ИЗБЕРЕТЕ ЕДНО ВЕЛИГДЕНСКО ЈАЈЦЕ И ИСПОЛНЕТЕ ЖЕЛБА НА ЕДНО ДЕТЕ.
Хуманитарна акција организирана од Рамстор мол, ЈУ Центар за социјална работа и Црвен крст на град Скопје наменета за дневниот центар за лица со церебрална парализа Скопје.